## 3.2. Девизни движења

*Во декември 2003 година регистриран највисок промет на девизниот пазар во 2003 година...*

Во декември 2003 година, прометот на девизниот пазар оствари месечен пораст од 31,7%, достигнувајќи 326,4 милиони САД долари (највисоко ниво во 2003 година). Кон крајот на годината беше регистриран поинтензивен притисок на девизниот пазар поттикнат од повисоката побарувачка за девизни средства од страна на увозниците. Во овие услови, НБРМ оствари нето-продажба на девизни средства, (како и деловните банки со обезбедените девизни средства), одговарајќи на вишокот на побарувачка за девизни средства, што овозможи одржување на девизниот курс на денарот во однос на еврото на стабилно ниво. Притоа, 81,5% од вкупните трансакции на девизниот пазар се реализирани помеѓу банките и претпријатијата. На крајот на декември 2003 година девизниот курс на денарот во однос на еврото изнесуваше 61,29 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во однос на претходниот месец. Од друга страна, вредноста на денарот во однос на американскиот долар забележа апресијација од 4,7% на месечна основа, при што на крајот на месецот се разменуваа 49,05 денари за еден долар.

*...при што денарот апресираше за 4,7% во однос на американскиот долар, а во однос на еврото беше стабилен*

Графикон 30
Движење на вкупниот промет на девизниот и менувачкиот пазар
(во милиони САД долари)




*Во декември 2003 година прометот на менувачкиот пазар повисок за 23,1% на месечна основа*

Прометот на менувачкиот пазар во декември 2003 година забележа месечен пораст од 23,1% и изнесуваше 133,7 милиони САД долари. Притоа, понудата и побарувачката на девизни средства се зголемија за 13,7% и 41,3%, достигнувајќи 81,6 милиони САД долари и 52,1 милиони САД долари, соодветно. Менувачниците извршија нето откуп на девизни средства во износ од 29,5 милиони САД долари. Просечниот месечен курс на денарот во однос на еврото на менувачкиот пазар изнесуваше 61,52 денари за едно евро, што претставува речиси непроменето ниво во однос на претходниот месец. Во однос на американскиот долар, денарот апресираше за 4,7%, при што за еден долар[15] се разменуваа 49,23 денари.

[15] Девизниот курс на американскиот долар е преземен од курсната листа за менувачко работење на НБРМ.

Графикон 31
Дневен среден девизен курс на денарот во однос на еврото и американскиот долар на девизниот пазар
(денари за единица странска валута)




Вкупниот девизен потенцијал на Република Македонија на крајот на 2003 година достигна 1.668,6 милиони САД долари, што претставува месечен пораст од 92,8 милиони САД долари. Притоа, бруто девизните резерви на НБРМ се зголемија за 54,9 милиони САД долари споредено со ноември и достигнаа вредност од 903,4 милиони САД долари. Порастот на бруто девизните резерви во декември 2003 година споредено со минатиот месец, главно е резултат на интервалутарни односи, порастот на депозитите на државата врз основа на приливи од странство, како и остварената камата на девизни депозити во странски банки. Во однос на крајот од 2002 година бруто девизните резерви на НБРМ бележат пораст од 168,8 милиони САД долари.

***Во декември 2003 година бруто девизните резерви на НБРМ повисоки за 54,9 милиони САД долари на месечна основа...***

Графикон 32
Девизен потенцијал на Република Македонија
(во милиони САД долари)




***...при истовремен пораст на вкупните девизни средства на депозитните банки***

На крајот на декември 2003 година вкупните девизни средства на деловните банки изнесуваа 733,8 милиони САД долари, што претставува месечен пораст од 42,2 милиони САД долари. Порастот главно е детерминиран од зголемувањето на девизните депозити на населението и на претпријатијата.